Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 23.07.2020

На 22.07.2020 во 12.40 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(37) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.07.2020 во 21.50 часот и 22.00 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.Д.(37) и К.Т.(20), двајцата од Скопје, бидејќи кај них била пронајдена прашкаста материја и таблети. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Ј.Љ.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека строго кривични дела „кражба на огревно дрво", „фалсификување или уништување деловни книги", и „вршење јавен превоз без поседување лиценца". Пријавениот, откако бесправно набавил нежигосано огревно дрво - даб и габер, го натоварил во товарно возило, со битолски регистарски ознаки, сопственост на лице од Битола и со цел да прикаже дека врши легален превоз, односно испорака на огревното дрво до заинтересиран купувач, искористил претходно обезведена испратница со поминат датум на издавање. Исто така, на 17.06.2020 искористил испратница од 29.04.2020, издадена од правно лице од Скопје. За да извриш нелегален превоз на огревно дрво - даб и габер, во количина од 10 метрик кубни, внел невистинити податоци дека превозот на огревното дрво се врши со товарно возило и возач од Скопје, по што се упатил до домот на наводниот купувач без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз на стоки во внатрешниот патен сообраќај.

На 22.07.2020 околу 14.00 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле А.Р.(37) и Ф.Р.(31), возач и сопатник во товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, бидејќи се однесуваа агресивно кон полициски службеник, а А.Р. и физички го нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2020 во 19.40 часот во с.Дебреште, приленско, додека А.А.(27) од с.Дебреште управувал трактор „ИМТ-539", без регистарски таблици, од тракторот паднало шестгодишно дете, кое се превезувало со него, и се здобило со повреди, по што било пренесено во Градска болница Прилеп каде што лекар констатирал смрт. Увид извршила екипа Полициската станица Прилеп во присуство на Јавен обвинител.

На 22.07.2020 околу 08.45 часот на крстосница од ул.„Пушкинова" со ул.„Народни херои" во Скопје, патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(70) од Скопје, удрило во пешакот Д.К.(72) од Скопје, кој почнал на местото на незгодата. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинителот телото било предадено за одбукција.

На 22.07.2020 околу 18.30 часот на регионален пат Превалец – с.Смојмирово, атар на с.Блатец, виничко, патничко возило „фолксваген пасат", со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.З.(54) од Винница, излетало од коловозот. По незгодата, Б.З. и сопатникот Ж.А.(59) од с.Лаки, виничко, биле пренесени во Здравствена установа Кочани за указување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од Полициска станица Винница.

На 22.07.2020 околу 13.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„ВМРО" настанал пожар, при што целосно било опожарено паркирано патничко возило „опел зафира", со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.И.(49) од Скопје. Од пожарот биле зафатени уште три паркирани возила: „БМВ Х5", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.С.(49) од Скопје, „фиат панда", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Т.Н.(31) од Скопје и „даевој тико", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.З.(55) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, а известен е и Јавен обвинител. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.07.2020 околу 08.25 часот било пријавено дека на влез на Железничка станица „Јане Сандански" во Скопје, патничко возз, кој сообраќал на релација Кочани-Скопје, со предните тркала од локомотивата излегол од шините, по што удрил во метален столб. Во незгодата нема повредени лица, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.07.2020 во 11.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.И.(56) од Скопје пријавил дека на ул „Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 22.07.2020 во 23.00 часот во близина на Граничен премин „Деве Баир - Граничен камен 94", на место викано „Репетитори", полициски службеници од Полициска станица „Деве Баир" ги привеле Ф.В.(24) и К.Л.(29), двајцата од Р.Албанија, при обид за нелегално преминување на државната граница. Лицата се предадени на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 22.07.2020 околу 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, К.Б.(43) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 22.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се шест возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и двајца возачи поради недавање на првенство на минување на пешаци, а 58 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На22.07.2020во11.45часот во тетовското село Лавце, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Н.Б.(31) од ова село,поради сомнение дека на 01.07.2020околу 18.00часот на ул.„Буботенска" во Тетово извршил кривично дело „убиство во обид", пукајќи со огнено оружје и ранувајќи го Ш.М.(40) од Тетово.

На22.07.2020околу 23.45часот на ул.„Седек Костовски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Т.Ј.(35) од Гостивар, по претходно извршен претрес во неговиот деловен објект на ул„Боте Вељановски" во Гостивар. При претресот, реализиран со судска наредба, во објектот бил пронајден пиштол „енсер"со празна рамка, чинија со остатоци од бела прашкаста материја, метален боксиран и нож, кои се фотодокументирани и одземени за вештачење.Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што против Т.Ј. ќе следува поднесок.

На 22.07 2020 во 19.00часот во Полициската станица Кичево, И.Б.(43) од Кичево пријавил дека,додека изведувал градежни работи во неговата куќа во с.Горно Раштани, пронашол две неексплодирани гранати. При увид,извршен од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување, било утврдено дека станува збор за рачни гранати од италијанско потекло од Втората светска војна. Гранатите биле безбедно подигнати за понатамошна постапка.

На 22.07.2020, од полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Кочани, врз основа на решение со мерка карантин во времетраење од 14 дена,бил спроведен З.Н.(45) од неговиот дом во с.Улари,во објект во Скопје определен од Владата на Р.С.Македонија,поради непочитување на мерката строга изолација во домашни услови.ОВРКочани поднесе и кривична пријава против З.Н., поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".

На 22.07.2020 во 19.50 часот во СВР Велес било пријавено дека во С.Криволак,неготинско,повеќе лица го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка. Полициски службеници од Полициска станица Неготино излегле на местото на настанот и констатирале дека по претходна расправија во угостителски објект во с.Криволак,настанала физичка пресметка помеѓу повеќе лица надвор од објектот.За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по него овластувале бил извршен увид на местото на настанот. По целосно документирање на случајот и утврдување на идентитетот на сите инволвирани лица ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.07.2020 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 17.50 часот во Комплекс клиники,Мајка Тереза" со повреди била донесена М.Б.(42) од Скопје.Според пријавеното, таа се повредила на работно место во маркет на ул.„Разловечко востание".На местото на настанот излегле полициски службеници од Полициска станица Карпош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2020 во 13.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локален пат од с.Копаница кон с.Рашче, Д.М.(27) од Скопје,додека управувал патничко возило„цитроен Ц1",со скопски регистарски ознаки,слушнал експлозија и видел оган во предниот дел од возилото,по што излегол, а возилото било целосно опожарено. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 22.07.2020 во 21.00 часот во Полициската станица Драчево се пријавил А.С.(24) од Скопје, за кој на 19.07.2020 било пријавено дека се одјалечил од својот дом.

На 23.07.2020 во 02.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на фонтана во Градски парк во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.А.(32), Е.Ј.Л.(19), К.А.(20),од една страна,и И.С.(36) и Љ.С.(36),од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 6 и член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 22.07.2020 во 22.35 часот во Полициската станица Центар, М.Р.(28) од Скопје пријавил дека на крстосница од ул.„Тодор Александров"со ул.„Мајка Тереза"бил каснат од куче скитник.

На 22.07.2020 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред спортска обложвалница на ул.„Христо Татарчев",по претходна расправија,дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Л.У.(51), К.У.(20), Д.С.(50) и С.Д.П.(23),сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.П.(46),од кичевското село Осој, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Тој, во својство на класен раководител во основно училиште во Кичево, на учениците им доделил сведетелства,иако имал потпишано изјава за задолжителна самоизолација.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(16) од с.Добарце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Во периодот од 04.06.2020 до 07.06.2020, приајавениот, движејќи се пеш по ул.„Јане Сандански" го забележал мотоциклот, сопственост на К.П.(62) од Тетово, кој бил оставен незаклучен во влезот на зградата иго одзел.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Г.С.(44) од Крива Паланка,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 15.07.2020 во Крива Паланка, на стариот пат мотел „Македонија" – манастирски комплекс „Св.Јоаким Осоговски", приајавениот физички го нападнал Р.Н. од Крива Паланка, кој се здобил со тешка телесна повреда.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(22), Л.М.(21), Е.Р.(25), Б.А.(20) и Е.И.(21),сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.05.2020,на патот за место викано „Бањине",во близина на хидроцентрала во Тетово, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу Е.Р., Б.А. и Е.И., од една страна и Б.А. и Л.М., од друга страна. Притоа, Б.А. извадил пиштол, додека Л.М. со нож се обидел да го повреди Е.Р..

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Р.(38) од с.Пештани, охридско,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранџа". На 29.06.2020 во кругот на ЈЗУ„Општа болница"- Охрид настанала физичка пресметка помеѓу приајавениот и З.С. од Охрид, при што С.Р. со нож му нанел повреди на З.С..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Л.М.(40), С.Г.(59) и Б.Т.(38),тројата од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење службено дејствие". На 08.05.2020 приајавените со употреба на сила ги спречиле вработените во шумската полиција во вршење на службено дејствие, односно контрола на товарно возило натоварено со огревно дрво, а управувано од приајавениот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Г.М.(38) од с.Бильановце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 05.06.2020 приајавениот не ја почитувал мерката на Владата за забрана на движење на населението, прогласена за време на епидемија на опасна заразна болест на територија на Р. С. Македонија.

Секој упат и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mourta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет